# Службен гласник

| Број 61 | 31.07.2017 год. |
|---|---|

на Општина Кавадарци


**С О Д Р Ж И Н А**


| |
|---|
| Р Е Ш Е Н И Е за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата Тиквешки Гроздобер 2017-7,8,9,10 септември поднесена од страна на организаторот Темов ФШТ ДОО Скопје бр.08-2514/1 од 10.07.2017 година |
| Заклучокот за усвојување на Програмата Тиквешки Гроздобер 2017-7,8,9,10 септември поднесена од страна на организаторот Темов ФШТ ДОО Скопје бр.08-2514/1 од 10.07.2017 година |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Заклучокот за усвојување на Програмата Тиквешки Гроздобер 2017-7,8,9,10 септември поднесена од страна на организаторот Темов ФШТ ДОО Скопје бр.08-2514/1 од 10.07.2017 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Програмата Тиквешки Гроздобер 2017-7,8,9,10 септември поднесена од страна на организаторот Темов ФШТ ДОО Скопје бр.08-2514/1 од 10.07.2017 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.07.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-2781/1**
**31.07.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

**ТЕМОВ ФШТ ДОО**
**ул. Ќурчиска бр.7, Скопје**

**ПРОГРАМА**
**ЗА ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2017 - 7.8.9.10 СЕПТЕМВРИ**

## ЧЕТВРТОК 07.09.2017

**Свечена седница за Денот на Општина Кавадарци**
Настап на Трио Грацио
- ***ВЕЧЕР ПОСВЕТЕНА НА ПЕСНАТА НА НИКОЛА БАДЕВ***
Локација: Градски Плоштад
Настан: Настап на кавадаречки и македонски фолк групи

## ПЕТОК 08.09.2017

## 12:00 ч.

- ***СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР“***
Обраќања на Градоначалникот Г-дин Александар Панов
локација: Музеј-Галерија на Кавадарци
настан: Изложба / Излагач Петре Камчевски- Тиквешки Гроздобери

## 13.00 ч.

- ***ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ДЕГУСТАЦИЈА НА ВИНА ОД ПРИСУТНИТЕ ВИНАРИИ***
Локација: Градски Плоштад.
ОПИС: настанот да биде проследен со изведувачи на староградска музика.

- ***ВИНАЛИЈА РУСТИКА- ДРЕВНО РИМСКИ ПРАЗНИК*** - локација Плоштад кај амфитеатарот
Тематски настан во траење од 3 часа, врзан со древните традиции на виното, продажба на рачно изработени сувенири, дегустации на вино и храна.
Читање на поезија, костумирани изложувачи.
**(средствата ги обезбедува по приложена спецификација 10500, директно општината на Град Кавадарци и 18000 мкд, преку ТЕМОВ ФШТ, и се запишани во табелата со вкупниот буџет)**

-***ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ДЕГУСТАЦИЈА НА НАШИТЕ СОРТИ ГРОЗЈЕ***
Локација: Градски Плоштад.
Опис: хостеси во народни носии.
презентација на типични локални производи , асоцирани како со традицијата така и со производството на вино во регионот.

## 20.30ч.

***ПОЧЕТОК НА МУЗИЧКАТА ПРОГРАМА***
- КОНЦЕРТИ Локација: Градски Плоштад
-ЕПИДЕМИ
**(средствата за хонорари, превоз и оброк се обезбедуваат преку организаторот ТЕМОВ ФШТ и се запишани во вкупниот буџет)**

## 22. 00ч,

- КОНЦЕРТ
Локација: Градски Плоштад
**- НОКАУТ**
**(средствата средствата за хонорари, превоз и оброк се обезбедуваат преку организаторот ТЕМОВ ФШТ и се запишани во вкупниот буџет)**

## 24.00 ч.

- ***ИЗБОР НА ВИНСКИ КРАЛИЦА И КРАЛ***
Опис:
* Изборот ќе биде анимиран од позната личност која ќе го претставува богот Бахус-бог на виното.
* Изборот ќе биде проследен со богата музичка програма од кавадаречки музички групи и солисти од забавен карактер.
* Конкурсот за избор ќе биде за учесници над 18 години.
*Локација Ресторант Моклишта Кавадарци.

## САБОТА 09.09.2017

## 11.00 ч.

МЕМОРИАЛЕН ТУРНИР , ВО КОШАРКА-СЕСТРИ КИТЕВИ
Локација: СС Јасмин

## 12.00 ч.

- ***ТАБЛИЈАДА***
Локација: Вински Боемски Фестивал - Мало Паркче
Опис:Натпревар во играње табла, кој е вкоренет во нашата култура на живеење.
Музика од разглас

## 16.00 ч.

***-ПРИЕМ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА СТРАНСКИ ДЕЛЕГАЦИИ И ПРЕТСТАВНИЦИ НА КАРНЕВАЛСКИ ГРУПИ***
Опис: Размена на поклони, доделување на благодарници на карневалските групи
Презентација и дегустација на домашна храна, вино и ракија.
Музички наста
- ***ВИНАЛИЈА РУСТИКА- ДРЕВНО РИМСКИ ПРАЗНИК*** – локација Плоштад кај амфитеатарот
Тематски настан во траење од 3 часа, врзан со древните традиции на виното, продажба на рачно изработени сувенири, дегустации на вино и храна.
Читање на поезија, костумирани изложувачи.
**(средствата ги обезбедува по приложена спецификација веќе наведено во претходниот ден).**

## 18.00 ч.

-***ТИКВЕШКИ КАРНЕВАЛ*** – (после завршувањето на приемот)
Локација: Кружен тек-градски Плоштад
Опис: * Овој настан како централен настан на цела манифестација ќе биде збогатен

од карневалски групи од Основните и Средните училишта од општина Кавадарци и одбрани карневалски групи од Македонија и странство со посебен осврт кон изборот и помош од ФЕК. (Како и покана за учество на основни средни и граѓански поставки од соседните општини и тоа Општина Росоман, Гратско , Неготино, Демир Капија )
* Посебен осврт и внимание ке има и изборот на нашите маски и контрола на квалитетот
на нивната изработка, каде од голема важност е маската да остави впечаток со идејата и забавата.
*За да го оправда карактерот на зачувување на традицијата карневалот ќе има поставки со приказот на обработка на виновата лоза, вино и ракија.

**21.30 ч.** ПОЧЕТОК НА МУЗИЧКАТА ПРОГРАМА
Локација: Градски Плоштад
-***УМЕТНИЧКИ ПЕРФОМАНС-ШОУ- СПЕКТАКУЛАРЕН НАСТАП СО ОГИН, ДОСЕГА НЕВИДЕН ВО МАКЕДОНИЈА.***
Цел на настапот е поинаков пристап кон забавниот дел за публиката и вметнување на нов
момент во концептот на настанот.
**(средствата за хонорарот, оброците и превозот се обезбедуваат преку организаторот
ТЕМОВ ФШТ и се запишани во вкупниот буџет)**
**СПЕКТАКУЛАРЕН ОГНОМЕТ**

**23.00 ч**
-КОНЦЕРТ
-***СЕВЕРИНА***
**(средствата** ____________за хонорарот и превозот се обезбедуваат преку организаторот ТЕМОВ ФШТ и се запишани во вкупниот буџет)

**НЕДЕЛА 10.09.2017**
**11.00 ч.**
- ***УЛИЧНИ ЗАБАВУВАЧИ***
Локација: Градски Плоштад, Опис: Жонглери, претстави со огин, пантомимичари
**(средствата за хонорарот, оброците и превозот се обезбедуваат преку организаторот
ТЕМОВ ФШТ и се запишани во вкупниот буџет)**
**,,Детска програма со учество на деца од детскиот фестивал Гроздоберче
**18.30 ч.**
- ***ИЗБОР НА НАЈДОБРИ ВИНА***
Локација: ,,Градски плоштад"
Опис: Ќе бидат избрани најдобрите сорти на вино од присутните винарии на ,,Тиквешкиот Гроздобер", а во соработка со еминентни професори-енолози, кој ќе бидат посебно ангажирани за оваа цел.

**21.00 ч.**
- ***ПОЧЕТОК НА МУЗИЧКАТА ПРОГРАМА***
-**ДЕПЕШ МОД-ТРИБЈУТЕ**
**(средствата за хонорарот, оброците и превозот се обезбедуваат преку организаторот**
**ТЕМОВ ФШТ и се запишани во вкупниот буџет)**

**22.30 ч.**
-***ДЏ -НИКИФОР***
**(средствата за хонорарот, оброците и превозот се обезбедуваат преку организаторот**
**ТЕМОВ ФШТ и се запишани во вкупниот буџет)**
КРАЈ НА ФЕСТИВАЛОТ
(ЗАВРШНИ АКТИВНОСТИ СОБИРАЊЕ НА ОПРЕМА)

**ТАБЕЛА НА БУЏЕТ**
1. **ОРГАНИЗАЦИСКО ПРОДУКЦИСКИ ТРОШОЦИ**
ТУКА СПАЃААТ ХОНОРАРИ ЗА
1. ПРОДУЦЕНТ,
2. ХОНОРАР ЗА НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ПРОДУКЦИЈА
3. СЕКРЕТАРКА и канцелариски материјали
4. КНИГОВОДСТВО
5. РАБОТНИЦИ ЗА МОНТАЖА НА ПОТРЕБНА ОПРЕМА,
6. КООРДИНАТОРИ , НИВНИ СМЕСТУВАЊА ВО КАВАДАРЦИ И ОБРОЦИ ЗА ДЕНОВИТЕ КОГА СЕ ВО КАВАДАРЦИ.
7. ТЕЛЕФОНСКИ И ИНТЕРНЕТ СМЕТКИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО НАСТАПУВАЧИ И НИВНО БУКИРАЊЕ.
8. ПРЕВОЗ ОД СКОПЈЕ ДО КАВАРАДЦИ, ПРИСАСТВА НА СОВЕТИ И СОСТАНОЦИ, ПРЕД ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБВРСКИ.
9.КЕТЕРИНГ ЗА НАСТАПУВАЧИТЕ НА ФЕСТИВАЛОТ ЗА БЕКСТЕЈЏ ЗА СИТЕ ФЕСТИВАЛСКИ ДЕНОВИ
10. ПЕРСОНАЛНИ ДАНОЦИ ЗА ХОНОРАРИ
11. НЕПРЕДВИДЕНИ ТРОШОЦИ
710.000,00 ден
2. БИНА, ОЗВУЧУВАЊЕ, ОСВЕТЛУВАЊЕ, ОПРЕМА ЗА БИНА, ШАТОРИ, ОГРАДИ, ШАНКОВИ, СПЕЦИЈАЛНА ДОПОЛНИТЕЛНА МУЗИЧКА ОПРЕМА СОГЛАСНО БАРАЊАТА НА ГРУПИТЕ
1.000.000,00 ден

3.
ХАЕМУС РИМСКИ НАСТАН
18000,00 ден
4.
ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ИНСТАЛАТЕРСКИ РАБОТИ
150.000,00 ден
5. ПЕЧАТЕЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ И БИЛБОРДИ
65.000,00 ден
6.
ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НАСТАН
75.000,00 ден
7. ПРЕВОЗ ЗА МОНТАЖА НА НАСТАН И ДЕМОНТАЖА 30.000,00 ден
8. ЗАМП 40.000,00 ден
9. АНГАЖМАН НА ВОДИТЕЛИ
100.000,00 ден
10.
ХОНОРАРИ ЗА НАСТАПУВАЧИ-МУЗИЧАРИ, АРТИСТИ, АНИМАТОРИ И МУЗИЧКИ ГРУПИ ПЕРСОНАЛНИ ДАНОЦИ И ДДВ ОБВРСКИ
3.550,150 00 ден
11. **ТОТАЛ -ВКУПНО 5,738,150,00 ден**

**СРЕДСТВА ОД ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ 4,000,000,00 ден**
**ПОТРЕБНИ Средства да се обезбедат од СПОНЗОРИ и ДОНАТОРИ**
**1,738,150,00 ден**
Од вкупниот предвиден буџет предвидено е Општина Кавадарци да покрие 4.000.000 ден
додека остатокот да се обезбеди од општествено-одговорните компании од градот во форма на спонзорство, од винарските визби кои ќе учествуваат на Гроздоберот и угостителите кои ќе пројават интерес за учество на манифестацијата.
**НАПОМЕНА**
**ПРОГРАМАТА МОЖЕ ДА ПРЕТРПИ ИЗМЕНИ ВО СОГЛАСНОСТ СО БУКИРАЊЕТО НА МУЗИЧКИТЕ**
**ЅВЕЗДИ СООДВЕТНО СО ВЕЌЕ НИВНИТЕ ЗАКАЖАНИ ТЕРМИНИ И ВО СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА НА ОРГАНИЗАТОРОТ ЗА ШТО ПОУСПЕШЕН ФЕСТИВАЛ ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР__**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) и член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), расправајќи по Програмата Тиквешки Гроздобер 2017-7,8,9,10 септември , Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 27.07.2017 година , го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Се усвојува Програмата Тиквешки Гроздобер 2017-7,8,9,10 септември поднесена од страна на организаторот Темов ФШТ ДОО Скопје бр.08-2514/1 од 10.07.2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци .

**Бр. 08- 2529/6**
**27.07.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**